До: Општина Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 30-12-2025
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
26-5984/1 | 1 | 50⁰⁰

Од: [redacted]

Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани

- На ден 30-10-2025 год поднесовме иницијатива да се изврши вонреден инспекциски надзор на улица Славјанска 17

Ние три пати барафме писмено од инспекторот и раководителот да не известат и не известија.

Од тие известувања ние ништо не можеме да разбереме, зошто е нејасна, недетална, збунувачка штура.

Тие ви ги приложуваме на увид зошто од раководителката за подетални информации не упати до вас.

Врз основа на Законот за слободен пристап за информации од јавен карактор бараме да ни се достави

1. Копија од записникот составен од инспекцискиот надзор.

2. Детално образложение за констатираните неправилности и конкретни членови од законот за градење кој се прекршени

3. Информација дали субјектот на надзор има проектна документација и дозвола за рушење на стара куќа и дозвола за градење на нова која веќе е почната и нашата куќа е директно засегната зошто сме соседи, растојанието е 1м ни отвори џам што гледа во нашиот двор, ја надмина висината на стариот објект, место кроф како што беше стариот сака да стави плоча и тоа

ДА ГО КОРИСТИ КАКО ТАРАЦА
ШТО МОЖЕ ДА ГЛЕДА ВО СОБАТА,
МОЖЕ СО ЕДЕН ЧЕКОР ОД КАЈ
НЕГО ДА ДОЈДЕ НА НАШАТА ТЕРАЦА
ОДНОСНО ЌЕ ГИ ВЛЕЗЕ ВО СОБАТА.
КАКО НИЕ ЌЕ ИСПАЃАМЕ НА ТЕРАЦА
ИЛИ ЖЕНАМИ ЌЕ СПРУЖИРА АЛИШТА
ИЛИ СНАИТЕ. ЗА НАС Е ТОА
НЕПРИФАТЛИВО, НИКАКВА ПРИВАТНОСТ
А ОД НЕГОВА СТРАНА, НЕКОРЕКТНО
ДРСКО ОДНЕСУВАЊЕ. НИ ВИКА
КАКО САКАЛ ТАКА ЌЕ ПРАВИ.
ОДИ ЖАЛИТЕ СЕ КАЈ САКАТЕ.
И НИЕ ГО ТРГНАФМЕ ТОЈ ПАТ
НЕ САКАМЕ НИ ДА МУ СМЕТАМЕ,
НИ ДА НИ СМЕТА. НЕКА СИ ОДИ
СЕ ЗАКОНСКИ.

4. КОПИЈА ОД ДОНЕСОНОТО
РЕШЕНИЕ ДОКОЛКУ Е ДОНЕСЕНО.

5. ДО КАДЕ Е ПОСТАПКАТА.

6. И некој други известувања што мислите да ги знаеме се разбира според законот за градење, според законот за општа управна постапка, според законот за сосредство според законот за инспекциски надзор според етичкиот кодекс на инспекторите според Уставот на Република Македонија

Се надеваме дека ќе не разберете и ќе ни помогнете согласно законите

Со почит

[redacted]

Дата
30-12-2025

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
ИП1 бр.17- 121
19.11.2025 година

До: [redacted]

**Предмет:** Информација

Почитувани,

По поднесена Иницијатива за поведување на инспекциска постапка од Ваша страна Ве информираме дека овластен градежен инспектор излезе на лице место на улица „Славјанска" бр.17 КП 3425 КО Велес и изврши вонреден инспекциски надзор, при што констатира неправилности согласно Законот за градење. За истото составен е записник и донесени се соодветни инспекциски акти.

Согласно законските прописи, а врз основа на горе наведеното Ве информираме дека постапката е во тек.

Ова сметајте го како одговор на вашата иницијатива за покренување на инспекциска постапка.

Со почит!

Одделение за инспекциски надзор
Овластен градежен инспектор
д.г.и. Лидија Ѓурова

М.П.

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
24-5435/2
25.11.2025 год.

До:
[redacted]

**Предмет:** Одговор на Барање бр. 24-5435/1 од 20.11.2025 година.

На ден 20.11.2025 година од Ваша страна е поднесено барање до Раководителот на Одделението за инспекциски надзор. Во него барате извештај што е превземено од градежната инспекција по поднесената Иницијатива за поведување на инспецика постапка на ул„Славјанска“ бр.17 во Велес.

Во врска со Вашето погоре наведено барање Ве известувам дека инспекцискиот надзор се спроведува врз основа на Законот за инспекциски надзор и материјалниот закон, односно Законот за градење.

Согласно, начелото на самостојност од член 11 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр.102/19) овластениот градежен инспектор во рамките на своите овластувања и надлежност, утврдени со закон, е самостоен и независен во вршењето на инспекцискиот надзор и во преземањето на инспекциски мерки. Инспекциските акти врз основа на констатирана состојба ги донесува и своерачно ги потпишува овластениот градежен инспектор.

Согласно член 71, став 2 од Законот за инспекциски надзор, инспекторот е должен по приемот на иницијативата-барањето, да го спроведе вонредниот инспекциски надзор во рок од 10 работни дена. По увидот во документацијата кај овластениот градежен инспектор по овој предмет, утврдено е дека Вашето барање за инспекциски надзор во архивата на Општина Велес е поднесено на 31.10.2025 година, а инспекторот истото го примил на 03.11.2025 година. По ова од страна на овластениот градежен инспектор било излезено на[redacted] во Велес на 04.11.2025 година. На лице место не бил затекнат пријавениот-субјектот на надзорот, но биле направени фотографии со службен апарат за моментлната состојба на објектот кој бил посочен во иницијативата за поведување инспекциска постапка. Пријавениот-субјектот на надзорот по податоците од имотен лист бил со место на живеење на[redacted] На наведента адреса истиот бил побаран од страна на овластениот градежен инспектор во присуство на овластениот комунален инспектор, но таму добиле инфоемации дека пријавениот не живеел на таа адреса. По ова, од страна на овластениот градежен инспектор биле направени обиди да се најде било каков контакт на пријавениот. По телефонска

комуникација со пријавениот и јавување од пријавителот, од страна на овластениот градежен инспектор излезено е на лице место и во присуство на субјектот на надзор извршен е вонреден инспекциски надзор, по што е составен записник за констатирана состојба и утврдени неправилности. По ова е донесено решение со наредба кое е доставено до субјектот на надзорот.

Согласно член 72 став 5 од Законот за инспекциски надзор, во рок од 15 дена од завршување на вонредниот инспекциски надзор, инспекторот го известува подносителот на иницијативата, односно до вас е доставено писмено известување од овластениот градежен инспектор на 19.11.2025 година.

Со почит,

Општина Велес
Одделение за инспекциски надзор
Раководител
Виш инспектор за патен сообраќај
Славица Переска

Република Северна Македонија
Општина Велес
II

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Бр.24-5435/4
10.12.2025 год.

До:
[redacted]

**Предмет:** Одговор на Барање бр. 24-5435/3 од 03.12.2025 година.

На ден 03.12.2025 година од Ваша страна повторно е поднесено барање до Раководителот на Одделението за инспекциски надзор, во кое барате детални информации по однос на Иницијатива за поведување на инспекциска постапка од страна на градежната инспекција на ул„Славјанска" бр.17 во Велес.

Инспекторите вршењето на инспекциски надзор го вршат врз основа првенствено на материјалниот закон, во случајов Законот за градење, како и Законот за инспекциски надзор. Во член 72 став 5 од Законот за инспекциски надзор стои дека во рок од 15 дена од завршување на вонредниот инспекциски надзор, инспекторот го известува подносителот на иницијативата. По оваа обврска има постапено инспекторот и до Вас е доставено писмено известување од овластениот градежен инспектор. Исто така од моја страна веќе добивте одговор во врска со погоре наведената иницијатива. Доколку сакате да добиете подетални информации, обратете се до Општина Велес со барање согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со почит,

Општина Велес
Одделение за инспекциски надзор
Раководител
Виш инспектор за патен сообраќај
Славица Переска